# INTELLIEGENCE ANALYSIS IN THE FUNCTION OF IDENTIFYING TERRORIST ACTIVITIES

**Aguš Demirovski**
Faculty of security – Skopje, University "St. Clement of Ohrid" in Bitola, Macedonia

**Abstract:** The main subject of this paper is a theoretical description of intelligence, intelligence analysis and intelligence cooperation, and their significance and role in the detection of terrorist activities.
Intelligence interest in modern times is associated with modern terrorism which in many ways differs from classical terrorism. This phenomenon contributes internationally to countries to begin to apply a different way of dealing with them. Starting from this, the aim of this paper is to highlight the linkage of intelligence with modern terrorism and its application in detecting terrorist activities that are increasingly common today.
Starting from the complexity of this issue in the paper, at the very beginning it will be defined terrorism as a contemporary phenomenon, emphasizing the notion and significance of terrorism and its factors. A special part in the paper takes the intelligence, the intelligence process and the cycle and the intelligence analysis, as well as the application of intelligence in detecting terrorist activities. When talking about intelligence as a process of detecting and preventing terrorist activities, special attention is paid to the notion and meaning of intelligence, its activities and types, as well as the intelligence cycle. At the end of the paper, special emphasis is placed on the application of intelligence in identifying and detecting terrorist activities, especially, the significance of intelligence analysis in preventing and suppressing terrorist activities.
**Keywords:** terrorism, terrorist activities, intelligence, analysis, intelligence cycle

# РАЗУЗНАВАЧКАТА АНАЛИЗА ВО ФУНКЦИЈА НА ОТКРИВАЊЕ НА ТЕРОРИСТИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

**Агуш Демировски**
Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола

**Резиме:** Главниот предмет на овој труд е теоретски приказ на разузнувањето, разузнавачката анализа и разузнувачката соработка и нивното значење и улога при откривањето на терористичките активности.
Интересот за разузнавањето во денешно време е поврзан со современиот тероризам кој по многу нешта се разликува од класичниот тероризам. Оваа појава придонесува на меѓународен план државите да започнат да применуваат поинаков начин за негово справување. Поаѓајќи од тоа, целта на овој труд е да се потенцира поврзувањето на разузнавањето со современиот тероризам и неговата примена во откривањето на терористичките активности кои се сè почести денес.
Тргнувајќи од комплексноста на оваа проблематика во трудот најнапред се дефинира тероризмот како современ феномен, се потенцира поимот и значењето на тероризмот, развојот на тероризмот низ историјата како и неговата поделба. Посебен дел во трудот зазема разузнавањето, разизнавачкиот процес и циклус и разузнавачката анализа, како и примената на разузнавањето во откривањето на терористичките активности. Кога се зборува за разузнавањето како процес на откривање и спречување на терористичките активности посебно внимание се посветува на поимот и значењето на разузнавањето, службата за разузнавање, нејзините активности и видови, како и на разузнавачкиот циклус. На крајот од трудот, посебен акцент се става на примената на разузнавањето во откривањето на терористичките активности, пред сè, на значењето на разузнавачката анализа во спречувањето и сузбивањето на терористичките активности.
**Клучни зборови**: тероризам, терористички активности, разузнавање, анализа, разузнавачки циклус

## 1. ВОВЕД

Една од главните причини за брзо проширување на овој современ феномен како смртоносен вирус насекаде во светот е фактот дека тероризмот се покажа како ефтин, нискоризичен метод кој брзо донесува многу корисни резултати во борбата на разните групи и организации. Стратегискиот одговор на новата комплексност мора да се заснова врз целосно разбирање и препознавање на проблемот, флексибилост на размислувањата и дејствувањето. Во таа борба треба да се служиме со креативна примена на истражувањата и со анализа на новиот феномен. Целта треба да биде следење во континуитет на променливите цели на

современите терористички закани кои ги надминуваат сите современи глобални ризици и закани, како што се: геноцидот, сидата, глобалното затоплување и еколошкото загадување на опкружувањето.

Борбата против тероризмот подразбира и елиминирање на државните спонзорства и целосно минимизирање на основните причини кои доведуваат до неговото појавување. Борбата бара значително време, многу внимателност, зголемени ресурси, неумерна посветеност, тактичност, јасна визија, мудрост, многу значење, а понекогаш и примена на убиствена сила како крајна и неизбежна алтернатива.

Лидерите на државите и меѓународните организации мора потполно да го разберат тероризмот, со цел да преземат ефективни контра мерки за намалување на можноста од евентуален напад на нивните институции, единици и луѓе.

Тероризмот е новиот опасен вирус на дваесет и првиот век кој енормно се шири како резултат на огромен број ризични фактори на различни нивоа: глобално, меѓународно, национално и лично. Жртвите од тероризмот најчесто се невини луѓе чиј број секојдневно сè повеќе се зголемува давајќи му значаен белег и примарно место на настаните на денот на сите меридијани.

Тероризмот брзо го менува својот карактер, но и своите цели, кои се многу поамбициозни, подраматични и веќе попримаат глобални димензии. Тој е „флуиден непријател", но со јасно поставени цели кои секојдневно предизвикуваат шок, ужас, бес, страв, желба за одмазда и нов психолошки и безбедоносен амбиент во кој луѓето во светот почнуваат да се чувствуваат како да се во војна.

## 2. ТЕРМИНОЛОШКО-КОНЦЕПЦИСКИ ОСВРТ КОН ТЕРОРИЗМОТ

Поаѓајќи од терминолошко гледиште, зборот тероризам е многу често употребуван и широк збор. Поради својата комплексност тој не може да се дефинира и да се мултидисциплицира, па затоа во теоријата и практиката има повеќе дефиниции од повеќе еминентни професори и автори кои, секој на свој начин го дефинира и му дава посебна димензија.

Тероризмот е дефиниран како политички мотивирано насилство против неборбени цели од страна на издвоени групи, со влијание врз повеќе региони или врз целиот свет. Тероризмот се дефинира како насилство против политиката, економијата и другите добра на општеството, со користење на деструктивни средства, многу често средства за остварување на различни цели. Имено, тероризам претставува незаконско користење на сила и насилство од страна на поединци или групи кои имаат директни врски со странските сили или, пак, ако активностите ги преминуваат националните граници насочени против лица или објекти со цел да ја заплашат или да ја принудат владата, населението или кој било сегмент од општеството за остварување на своите политички или општествени цели.[198]

Според авторот Брајан Џенкинс тероризмот се состои од нелегитимна употреба на сила за постигнување на политичка цел кога невините луѓе служат како мета. Овој автор тероризмот го смета како насилство кое служи да се оствари определен ефект, насилство кое најчесто не е примарно, а понекогаш воопшто не е насочено за постигнување на физички ефект на актуелната цел туку насилството најповеќе е насочено кон тоа да предизвикува драматично влијание врз аудиториумот. Од друга страна, Поланд Џемс[199] пак, го определува тероризмот како против законска употреба на закани и насилство против лица и имот првенствено за реализирање на натамошни политички и социјални цели. Обично се настојува да се заплаши владата, поединците или групите или да се измени нивното однесување и политика. Радослав Гачиновиќ,[200] пак, современиот тероризам го дефинира како форма на насилно однесување, тој е генератор на насилство или претење со насилство, со цел блокирање и функционирање на влади, односно, на општествено-политичкиот систем и промовирање на политички, идеолошки или повисоки верски принципи на севкупното насилство.

Голем придонес во дефинирањето на тероризмот даваат и официјалните институции на Соединетите Американски Држави од каде што Владата уште од 1983 година употребува дефиниции за тероризмот, според која поимот тероризам претставува промислено, политичко мотивирано насилство извршено против невоена цел од страна на субнационални организации или тајни агенти.[201] Стејт департментот тероризмот го дефинира како: „Политички мотивирано насилство во прв степен, кој ќе се одржи против цивилни

[198] Banićević, N. (2000) Međunarodno pravni i institucionalni aspekti borbe protiv terorizma, Definicija terorizma, Beograd, str. 11
[199] Преземено од http://www.slideshare.net/neebitno/65-terorizam-i-antiterorizam
[200] Gaćinović, R. (1998) Institut za političke studije, Beograd, str. 9
[201] Banićević, N. (2000) Međunarodno pravni i institucionalni aspekti borbe protiv terorizma, Definicija terorizma, Beograd, str. 11

(noncombatant) цели од локалните групи или лица со прикриен идентитет, обично се наменети да влијае врз јавното мислење", „незаконско користење на сила или насилство против лица или имот за да ги заплаши владата, цивилното население или други сегменти и да се промовира на политички или општествени цели".[202]

Американското Министерство за одбрана го дефинира тероризмот како: "незаконско користење на - или заканата од - сила или насилство против лица или имот за да ги заплаши владите или општествата, почесто за да се постигнат политички, религиозни или идеолошки цели".

Во овој контекст треба да се истакне дека терористичките групи вообичаено се структурираат на сличен начин како и воените организации. Имено, многу терористички групи, особено тие кои се поддржувани или раководени од странски влади се високо дисциплинирани, а задачите се организираат и извршуваат чисто, авторитетно и функционално. Водачите на терористичките групи и поголемиот број од терористите во најголема мера се политички мотивирани, борбено се добро обучени, често и со воена обука од сферата на тактиката и планирањето. Тие, исто така се обучувани и на полето на разузнавачкото собирање на податоци и нивно анализирање, потоа вршат набљудување и следење, применуваат криптозаштита во меѓусебното комуницирање и располагаат со модерно оружје, опрема, возила. Покрај тоа, тие ги применуваат и сите мерки на контраразузнавање. Во овој контекст карактеристично е да се напомене дека терористичките организации применуваат разни форми на насилство со цел да постигнат публицитет и да ги доведат до застрашување тие кон кои ги имаат насочено своите активности за да ги остварат нивните политички цели. Тековните активности вклучуваат подметнување бомби, бомбардирање на работни објекти или резиденции, вршење саботажи. Исто така, терористите применуваат и други методи, како што се атентати, убиства, киднапирања, продавање дрога или оружје за да обезбедат готови пари, а вршат и други активности за уништување на објекти.

Во однос на целите на тероризмот[203] потребно е да се напомене дека тие секогаш се политички обоени и можат да бидат различни, почнувајќи од изнудување на одредени отстапки, преку промена на дел од внатрешната и надворешната политика па сѐ до јасно манифестирана желба за соборување на поредокот односно освојување на власта. Условно целите на тероризмот можат да бидат класифицирани според терористичката активност на посредни и на непосредни.

*Посредните цели* можат да бидат конкретни (преземање и консолидирање на политичка власт во одредено општество) или неодредени (покренување светска револуција во интерпретација на оние терористички групи чии цели ги надминуваат националните граници, а кои ги нарекуваат анархисти). А, н*епосредни цели* се давањето публицитет на своите дела и идеи, потоа нанесувањето штета на меѓународниот углед на една земја, предизвикувањето на принуди, разни изненадувања, обезбедувањето на симпатии на одредени слоеви и маси, вршењето притисок врз оние кои ја подржуваат антитерористичката активност.

Во однос пак, на причините за појава на тероризмот тие можат да се поделат на внатрешни и надворешни причини.

Внатрешните причини се резултат на општествено-политичката и економската состојба во одредена земја, каде што се репродуцира тероризмот. Тие можат да се манифестираат:

1. Во услови на терор од страна на државата чиј режим е најчесто диктаторски, на кој најчесто се одговара со против удар (режимите во латиноамериканските земји).
2. Во криза на системот и неговите вредности иако се постигнува успех во економскиот развој (развиените земји на запад) при што поради низа околности и значајни политички, економски и општествени процеси се јавува тероризам.
3. Од името на револуцијата, со цел да се воспостави тероризам како облик на владеење (германскиот национален социјализам и фашизмот во Италија).

Надворешните причини за појавата на тероризмот се производ на политиката и техничко-технолошкиот развој.

Исто така како побитни фактори (причини) за појавата на експанзијата на меѓународниот тероризам во светски рамки како внатрешни така и надворешни можеме да ги наброиме следниве: релативниот неуспех на руралните герила на латиноамериканските земји, народноослободителните движења во извесни случаи, кршење на основните права на човекот, толерантна политичка клима, промените во вкупната стопанска

[202] Дојчиновски, М. (2010) Разузнавачка подготовка – императив за успешно изведување на воените операции, Современа македонска одбрана, стр. 38
[203] Повеќе кај Димовски, З. (2007) Тероризам, Графотранс Скопје

ситуација што доведе до миграциони движења и концентрирање на странски работници од кои некои им обезбедуваат засолништа, помош и поддршка на терористите, ерозија на постојните институции на власта, национализмот и шовинизмот, сепаратистичките и етничките групи кои сакаат поголема автономија и сопствена земја, техничко-технолошкиот развој како процес, улогата на средствата за масовно комуницирање, односно големиот публицитет на секоја изведена терористичка акција.

## 3. МОЖНОСТИТЕ НА РАЗУЗНАВАЧКИТЕ АЛАТКИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОТКРИВАЊЕ НА ТЕРОРИСТИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

Разузнавањето е основен елемент во напорите на државите да се справат со новиот вид тероризам, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, организираниот криминал и во справувањето со хуманитарните катастрофи. Анализата на овие „нови закани" и изработката на процени за ефектот од нивното дејствие, со право, дава акцент на развојот на разузнавањето и се поголемата разузнавачка соработка помеѓу различните разузнавачки елементи, како и помеѓу разузнувачките агенции од различни земји. Ваквата соработка, исто така, е императив за оперативната имплементација на потребата од мултилатерални одговори на новите безбедносни предизвици.[204]

Разузнавањето е основна алатка во откривање и спечување на терористички активности. Таа се организира според барањата, потребите и можностите на држава. Во современи услови сè со цел разузнавањето да најде поголема примена во спречување на терористички активности може да биде категоризирано како: стратегиско, оперативно и тактичко разузнавање.[205]

Стратегиското разузнавање се информациите присобрани на националното ниво, со цел осигурување на националната политика. Таквите информации обично се бараат од страна на decision-makers (носители-креатори на одлуки), односно од доносителите на политичките одлуки во државата, како и од високите воени офицери, за да се оствари ефикасна национална и воена стратегија на развојот.

Оперативното и тактичкото разузнавање пак, се однесува на важни информации собрани на самата проблематика, односно информации за силата на непријателските трупи, за нивните движења, опремата, меѓусебната положба на единиците и за другите интересни податоци.

Искуствата на повеќето разузнавачки служби, исто така, зборуваат дека најголемиот дел информации[206] се собира токму со средствата за јавно информирање, односно од изворите кои се секогаш достапни и во опкружувањето. Според некои истражувања за проценките на разузнавачките и контраразузнавачките служби се укажува дека денес околу 90% од податоците се собираат по легален пат, со користење на средствата за јавно информирање, со непосредни контакти со граѓаните и офицерите на една држава, преку разговори со други извори (дипломати, новинари, трговци, туристи), а само 10% од податоците се собира на класичен разузнавачки начин"[207]

Разузнавачката анализа претставува значајна активност во разузнавачкиот процес која ги толкува придобиените информации и врз основа на нивните заклучоци се донесува одлука. Современата разузнавачката анализа обично вклучува одредени методи и техники, односно статистички и нестатистички методи, како на пример некои методи откриваат шеми и трендови, од кои најчесто се открива веројатноста на заклучоците. Разузнавачката анализа е „преработка" на собраните разузнавачки информации со цел да се

---

[204] Котовчевски, М., Разузнавањето златен клуч во борбата против тероризмот, Разузнавањето браник во одбраната од тероризмот, преземено од http://def.fzf.ukim.edu.mk/pdf/odb/kotovcevski/Kotovcevski,%20M.%20-%20Razuznavanjeto%20zlaten%20kluc%20vo%20borbata%20protiv%20terorizmot.pdf [пристапено на 05.10.2018]

[205] Dimovski, Z., Ilijevski, I., Babanoski, K. (2011) Inteligence process as a key link in the fight against terrorism, International scientific conference: Security in the post conflict (Western) Balkans: Transition and challenges faced by the Republic of Macedonia (Security Studies and the Science of Security), vol. 1, Ohrid, pp. 268-281

[206] Кога се зборува за разузнавањето од голема важност се и изворите од каде се црпат информации. Како извори на податоците можат да бидат различни, но најчесто како извор се наведуваат медиумите, односно дневниот печат, телевизијата, а во последните години секако и интернетот како глобално средство за комуникација.

[207] Graeme R. Newman & Ronald V. Clarke (2010) „Policijska dejavnost proti terorizmu", učbenik za vodilno osebje na policijskih postajah, urednika dodanih slovenskih prispevkov Iztok Podbregar, Andrej Sotlar. - Ljubljana: Fakulteta za varnostne vede, Ljubljana, str. 63

истражува нивниот контекст и да се предвидат целосно настаните, односно дали претставуваат политички, воени, економски, дипломатски или културни импликации.

Разузнавачка анализа е значајна во откривањето на терористичките напади па поради тоа во теоријата и практитака посебно внимание се посветува на напредните аналитички алатки. Модерната научна и техничка разузнавачка анализа (најчесто нарекувана со кратенката C&T), за првпат започна да се применува во 1981 година од страна на британската служба за безбедност (МИ5) со префрлување на агенти и искористување на повеќе технички и електронски форми на надзор (прислушување, компјутерско следење, итн.).[208]

Во теоријата и практиката како најчестата техника за разузнавачка анализа која се бори против тероризмот е „ситуациската логика”, која понекогаш се нарекува и „студија за одредена област”. Оваа техника вклучува генерирање на различни хипотези врз основа на разгледување на „бетонските” елементи на моменталната ситуација. Притоа, широките глобални генерализации се избегнуваат. Иако секој знае дека тоа е неточно, секоја ситуација се третира како еден вид точност и треба да се сфати во смисла на својата уникатна логика. Разузнавачкиот аналитичар се обидува да ги идентификува логички претходните случувања и последиците од одредена ситуација. Ова се нарекува градење „сценарио”, а аналитичарот може да се врати и да анализира наназад за да се објасни потеклото на тековната ситуација, или да гледа нанапред за да се процени исходот во иднината што следува.

Ситуациска логика е логика врз основа на претпоставката на рационално, наменско однесување. Аналитичарот ги идентификува целите што се спроведуваат од страна на странскиот актер и објаснува зошто странскиот актер верува дека со одредени средства ќе се постигнат одредени цели. Една од главните ризици со овој пристап е проектирање на вредности врз странските актери.

Друг начин на преработка на разузнавачка анализа е „примена на теоријата”, што понекогаш се нарекува и пристап до „општествената наука”. Теоријата не е термин којшто се користи многу често во разузнавачката заедница, но „примената на теоријата” вклучува извлекување на заклучоци од генерализации врз основа на проучување на многу примери на нештата. Теоријата им овозможува на аналитичарите да гледаат подалеку од минливите случувања, да се препознае кои трендови се површински, а кои се значајни. На пример, да претпоставиме некој настан се случува во Турција. Аналитичарот го применува она што тој го знае за земјите во развој во несигурни стратегиски позиции за да се предвиди како Турција би реагирала на терористичките напади. Понекогаш ситуациската логика и примената на теоријата се спротивни една на друга. Тоа е случај, на пример, со Саудиска Арабија. Теоретскиот пристап ја применува аксиомата дека економскиот развој и масовната инфузија на странските идеи можат да доведат до политичка нестабилност. Тоа укажува дека деновите на Саудиската монархија се броени, додека аналитичарите кои ја применуваат ситуациската логика ќе дојдат до заклучок дека не постои таква закана за кралското семејство.

Третиот пристап на разузнавачките аналитичари е споредбата, каде аналитичарот се обидува да ги собира тековните настани, споредувајќи ги со историските случувања во истата земја или со слични настани во другите земји. Таа се разликува од теоријата во која заклучоците се извлечени од мал број случаи, додека теоријата е генерирана од испитување на голем број случаи. Овој пристап е мошне корисен кога ќе се соочи со една двосмислена и романска ситуација, бидејќи тоа гледа како во одредена земја се пристапувало со слични ситуации во минатото или колку се слични земјите во пристапувањето со слични ситуации. Историските случувања се влијателни, но мора да се биде внимателен во тврдењето од аналогии со минатото. Анализата започнува кога процесот на апсорпција на информации запира. Аналитичарите се вметнуваат во процесот на собирање, сортирање и организирање на информациите. Тие си носат свои (свесно или несвесно) претпоставки и предрасуди кон самата анализа. Различни аналитичари имаат различни аналитички навики и преференци за одредени аналитички стратегии. Аналитичарите кои се обучени во областа на студиите имаат тенденција да ја практикуваат ситуациската логика, додека аналитичарите кои се обучени во областа на општествените науки со поголема веројатност ги практикуваат теоретските или компаративните техники. Во целина, разузнавачката заедница е далеку посилна во ситуациската логика отколку во теоријата.

Разузнавачката компонента може да се дефинира како активност која се планира, организира и изведува за собирање, обработка и користење на разузнавачки информации за опкружувањето, можностите и намерите на противникот, просторот на ангажирање на силите и времето со разузнавачките дисциплини. Реализацијата на функциите на разузнавачките компоненти ја спроведуваат разузнавачките елементи/единици како управувачко-планирачка-аналитичка структура, а и како извршен апарат. Во тој

[208] ibid, str. 79

контекст потребно е да се напомене дека за да биде оптимален придонесот на разузнавачката компонента во планирањето и управувањето со разузнавачката работа, потребно е да се придржуваме до основните принципи на разузнавање. А тие принципи во теоријата и практиката се следните:[209] централизирано управување, правовременост, систематска експлоатација, објективност, достапност, одговорност, заштита на изворите и систематска доизградба.

Денес во 21 век еден од основните предизвици на современото разузнавање се терористичките напади кои се се почести и со свои специфичности. Па затоа со право може да се констатира дека разузнавачките професионалци може да имаат екстремни тешкотии во одредувањето на способностите на терористите, а агенциите за разузнавање треба да се адаптираат постојано на новите потреби во контекст на светската кампања против тероризмот.

Во современото окружување акцентот треба да се стави врз човечкото разузнавање со примена на информатичката технологија, заради подобрена анализа и соработка со органите на законот, како и обезбедување во реално време на разузнавачки информации за терористичките активности. Тоа е потребно заради преземање на елиминирачки мерки врз оние лица за кои постојат цврсти информации за поврзаност со планирање и подготовка на општоопасни дејствија. Имено, предизвик на разузнавањето е да се создаде информативен систем кој ќе ги исполни современите функции и задачи на разузнавањето и ќе инкорпорира сите информациски системи на институциите кои го помагаат разузнавањето.

Како предизвици на разузнавачките аналитичари е потребата да постои свест за социјални, идеолошки и политички средини во кои терористичките движења се развиваат. Тоа од своја страна бара од разузнавачките служби да поседуваат детални податоци за географски, етнички, религиозни, економски и политички состојби во нејасни региони. Во тој контекст треба да се нагласи примената на софистицирани технички системи за собирање на податоци која примена бара развизање на сеопфатна стратегија за собирање и искористување на софтвер со отворен код на информации.

Најголем предизвик за разузнавачките аналитичарите е и проблемот со локацијата на терористите, односно да се открие каде терористите ќе напаѓаат. Сведоци сме на терористички напади кои во исто време се случуваат во неколку локации кои се просторно оддалечени илјадници километри, па затоа разузнавачките служби мора да создадат таков систем на информации со кои ќе се направи обид полесно да се дојде до потребните информации и дојави за некои терористички напади.[210]

Исто така предизвици на разузнавачките служби можат да се потенцираат и различните бариери во самиот разузнавачки циклус кои го спречуваат ефикасното собирање на разузнавачки информации. Честопати, разузнавачите се целосно спречени во собирањето разузнавачки информации од страна на креирачите на политики. Во прилог на овие политички/законски пречки, постојат и технолошки пречки кои треба да се надминат. Па така, во многу случаи тешко е соодветно одвојување на доктринарните чекори на собирање од преработката и експлоатацијата.[211]

**4. ЗАКЛУЧОК**

Разузнавањето е предуслов за добро планирање и незаменлива алатка во борбата против тероризмот. Во согласност со целта која треба да се постигне и во согласност со борбените, временските и просторните услови, во разузнавањето се обезбедува планирање, организирање и изведување на разузнавање на стратегиско, на оперативно и на тактичко ниво, кое мора да биде централизирано, правовремено, непрекинато и потполно.

Разузнавачкиот феномен, во најширока смисла е можност преку детална анализа на информациите да се донесат заклучоци кои понатаму можат да влијаат на безбедноста и другите општествени појави како на локално така и на глобално ниво. Заканите постојано се менуваат, но оние кои секогаш се први да ги откријат намерите на оние кои сакаат да ја загрозат државата и граѓаните се разузнавачките служби. Треба да се потенцира фактот дека терористичи напади ќе постојат без разлика колку е ефикасен разузнавачкиот систем, но тоа, секако, не смее да ги поколеба разузнавачите да ги исполнуваат своите задачи, бидејќи тие се клучот во справувањето со тероризмот.

---

[209] Дојчиновски, М. (2010) Разузнавачка подготовка – императив за успешно изведување на воените операции, Современа македонска одбрана, стр.55

[210] Best, R., A. (2003) Intelligence to Counter Terrorism: Issues for Congress, Congressional Research Service, The Library of Congress, 2003, p. 5,10,11

[211] Gray, D., Slade, C. (2008) Applying the Intelligence Cycle Model to Counterterrorism Intelligence for Homeland Security, European Journal of Scientific Research, Vol. 24 No. 4, EuroJournals Publishing, Inc. 2008, p. 503

Во борбата против тероризмот секоја држава мора ефикасно да се спротистави на терористичките закани врз нејзините граѓани и на другите ранливи потенцијални цели, без притоа да ги прекрши постојните законски прописи и меѓународно прифатени конвенции. Токму затоа, најголем дел од државите преземаат голем број на превентивни мерки преку разузнавачко – безбедносните системи, кои по правило секогаш треба да се чекор понапред од реализаторите на терористичките планови. Вмрежувањето на разузнавачките служби, не само во регионот, туку и во глобални рамки треба да резултира со навремено споделени превентивни информации, добро организирани органи на државна управа и сериозно политичко раководство, кое ќе знае да преземе соодветни чекори, како одговор на терористичките закани, во заштита на националната безбедност и безбедноста на граѓаните.

Секоја земја во рамките на своите безбедносно – одбранбени системи треба да развие целосен концепт за борба против тероризмот, во согласност сос своите можности и во рамките на договорите за другите држави од анти терористичката коалиција. Тоа подразбира да се дефинираат сите расположливи сили и капацитети, како и степенот на нивната подготовка.

Од погоре наведеното можеме да заклучиме дека разузнавањето преку своите процеси, методи и техники настојува да ги определи целите и објектите на терористичките акции. Едноставно кажано разузнавањето никогаш не спие, туку се труди, пред сѐ, преку современите техники и методи да дојди и до најмалку значајните информации сѐ со цел да го спречи терористичкиот напад, бидејќи, само еден повеќе спасен човечки живот е успех кој го оправдува постоењето на разузнавањето.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Banićević, N. (2000) Međunarodno pravni i institucionalni aspekti borbe protiv terorizma, Definicija terorizma, Beograd
[2] Best, R., A. (2003) Intelligence to Counter Terrorism: Issues for Congress, Congressional Research Service, The Library of Congress, 2003
[3] Димовски, З. (2007) Тероризам, Графотранс Скопје
[4] Dimovski, Z., Ilijevski, I., Babanoski, K. (2011) Inteligence process as a key link in the fight against terrorism, International scientific conference: Security in the post conflict (Western) Balkans: Transition and challenges faced by the Republic of Macedonia (Security Studies and the Science of Security), vol. 1, Ohrid, pp. 268-281
[5] Дојчиновски, М. (2010) Разузнавачка подготовка – императив за успешно изведување на воените операции, Современа македонска одбрана
[6] Gaćinović, R. (1998) Institut za političke studije, Beograd
[7] Graeme R. Newman & Ronald V. Clarke (2010) „Policijska dejavnost proti terorizmu“, učbenik za vodilno osebje na policijskih postajah, urednika dodanih slovenskih prispevkov Iztok Podbregar, Andrej Sotlar. - Ljubljana: Fakulteta za varnostne vede, Ljubljana
[8] Gray, D., Slade, C. (2008) Applying the Intelligence Cycle Model to Counterterrorism Intelligence for Homeland Security, European Journal of Scientific Research, Vol. 24 No. 4, EuroJournals Publishing, Inc. 2008
[9] Котовчевски, М., Разузнавањето златен клуч во борбата против тероризмот, Разузнавањето браник во одбраната од тероризмот, преземено од
[10] http://def.fzf.ukim.edu.mk/pdf/odb/kotovcevski/Kotovcevski,%20M.%20-%20Razuznavanjeto%20zlaten%20kluc%20vo%20borbata%20protiv%20terorizmot.pdf [пристапено на 05.10.2018]